Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCES
Педагошка Служба - Sherbimi Pedagogjik
Скопје - Shkup

| Примено: Pranuar: | 29-07-2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia Org. | Број: Numër: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |
| 26 | - 765 | /2 | |

**До**

**Националната комисија за учебници при**

**Министерството за образование и наука на**

**Република Северна Македонија**

ПРЕДМЕТ: **Извештај на членот известител доц. д-р Анита Ангелевска за наставниот предмет Македонски јазик за II (втора) година гимназиско образование.**

Согласно одлуката на Националната комисија за учебници, избрана сум за член известител за наставниот предмет Македонски јазик за II (втора) година гимназиско образование.

По разгледување на материјалите доставени од Педагошката служба при Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија по електронски пат на 28.7.2026 година, а согласно член 9 и член 14 од Законот за учебници во основно и средно образование, објавен во Службен весник на РСМ, бр. 3 од 3.1.2025 година, го поднесувам следниот

## ИЗВЕШТАЈ

**за наставниот предмет Македонски јазик за II (втора) година гимназиско образование.**

По даденото претходно мислење на БРО, бр. 26 - 319/19, од 24.3.2026, потпишано од работната група бр. 02 - 793/2, д-р Марина Димитриева - Ѓорѓиевска, советник, Оливера Тодороска, советник и м-р Јанко Билбилоски, советник во кое стои констатацијата: ракописот со шифра 013 е усогласен со наставната програма по предметот Македонски јазик за II (втора) година гимназиско образование. Содржните се научно точни, прегледни, релевантни и работната група од **БРО дава позитивно мислење за ракописот за учебник по предметот Македонски јазик за II (втора) година гимназиско образование со шифра 013.** Истата работна група од **БРО дава позитивно стручно мислење и за ракописот со шифра 014 и за ракописот со шифра 015.**

Во заклучокот - заедничкото сумарно мислење за ракописите со шифра 013, 014, 015 со бр. 26 - 456/21, од 28.7.2026, потпишано од членовите на Резензентската комисија проф. д-р Лилјана Гушевска и Роска Јовановиќ од СУГС „Раде Јовчевски - Корчагин“ од Скопје стои:

„За ракописот со **шифра 013** е утврдено дека покрај видливи квалитети на книжевнотеориското рамниште - кои во постапката беа посебно истакнати и аргументирани во поединечното стручно мислење на членот на Комисијата проф. д-р Венко Андоновски и дописен член на МАНУ, ракописот содржи фактографски неточности во содржините од историјата на македонскиот јазик, од националната и од светската книжевна историја, отстапувања од нормативната граматичка литература, методолошки пропуст во вид на наведена користена литература, како и слабости во јазичниот израз и во графичкото обликување. Комисијата оценува дека станува збор за пропусти од суштинска природа, чиј број и карактер ја надминуваат вообичаената рамка за коригирање на учебникот пред печатењето, поради што ракописот **не се препорачува за печатење**.

За ракописот со **шифра 014**, поединечните стручни мислења на сите членови на Комисијата се целосно согласни во однос на тоа дека станува збор за ракопис кој е најслабо усогласен со Наставната програма, зашто во него отсуствуваат цели програмски партии, а содржи и научно неиздржани формулации недопустливи за учебник по македонски јазик, како и редица фактографски, јазични и графички пропусти. Од тие причини ракописот **не се препорачува за печатење.**

За ракописот со **шифра 015** е утврдено дека е единствениот од трите што целосно ги покрива сите програмски подрачја предвидени со Наставната програма, и тоа и според редоследот и во однос на обемот, вклучително и подрачјето Медиумска писменост, кое го обработува целосно и најсистематски. Содржините се точни, научно засновани и приспособени на когнитивниот развој на возраста на учениците. Ракописот овозможува самостојно учење, а јазикот е стандарден, доследен и во функција на разбирање на изнесените содржини. Структурата е конзистентна, а дизајнот функционален и прегледен. Одделните забелешки изнесени во поединечните стручни мислења - вклучително и оние содржани во мислењето на проф. д-р Венко Андоновски, кои Комисијата внимателно ги разгледа и побара да се внесат - се од несуштинска природа и целосно можат да се коригираат пред печатење на учебникот.“

Во заедничкото сумарно мислење на крајот констатираат дека: „**ракописот со шифра 015** е усогласен со содржините на Наставната програма, со резултатите на учењето, со стандардите за оценување, со националните стандарди, со Концепцијата за изработка на ракопис, што го прави соодветен за реализација на образовно-воспитниот процес по предметот **Македонски јазик и литература за II (втора) година гимназиско образование и го препорачуваат за печатење и за употреба во наставата.“**

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Согласно горе наведеното и мислењата на Бирото за развој на образованието и на Стручната комисија, на членовите на Националната комисија за учебници како член известител за наставниот предмет Македонски јазик за II (втора) година гимназиско образование им предлагам **ДА ГИ ПРИФАТИ ИЗВЕШТАЈОТ НА БИРОТО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО И ЗАЕДНИЧКОТО СУМАРНО МИСЛЕЊЕ НА РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА; РАКОПИСОТ СО ШИФРА 015 ДА ГО ПРИФАТИ ЗА УЧЕБНИК И ДА ЈА ПРОДОЛЖИ ПРОЦЕДУРАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ И УПОТРЕБА НА ИСТИОТ.**

**Скопје,29.7.2026 година**

**Известител,**

**доц. д-р Анита Ангелевска**